Друштво за трговија и услуги
СЦМ РЕТАИЛ ДООЕЛ Скопје
Бр. 0302-7171/1
02.10.2019 год.

# ПРАВИЛА НА ИГРА НА ЛОЈАЛНОСТ
## "7 години Скопје Сити Мол – 1.000.000 денари шопинг ваучери "

**Член 1**

Организатор на играта на лојалност со назив **"7 години Скопје Сити Мол – 1.000.000 денари шопинг ваучери"** е Друштво за трговија и услуги СЦМ РЕТАИЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Љубљанска бр.4, СКОПЈЕ СИТИ МОЛ – кат 2, Скопје, Карпош.

**Назначување на производите и услугите заради чие рекламирање се приредува играта на лојалност**

**Член 2**

Играта на лојалност се организира од страна на Организаторот СЦМ РЕТАИЛ ДООЕЛ Скопје заради рекламирање на услугите кои ги обезбедува Трговскиот центар Скопје Сити Мол.

**Место каде ќе се приредува играта на лојалност**

**Член 3**

Играта на лојалност ќе се приредува во Трговскиот центар Скопје Сити Мол, на ул. Љубљанска бр. 4 Скопје.

**Назив и времетраење**

**Член 4**

Називот на играта на лојалност е **"7 години Скопје Сити Мол - 1.000.000 денари шопинг ваучери "**

Вредносните ваучери ќе се доделуваат само на 05.10.2019 година (сабота) додека не се потроши вредноста на фондот на подароци.
Вредносните ваучери можат да се искористат на ден 05.10.2019 година (сабота) и 06.10.2019 година (недела)

**Фонд на подароци**

**Член 5**

Во рамки на играта на лојалност ќе се доделат 2000 (две илјади) вредносни ваучери, кои ќе бидат нумерирани со реден број од 0001 до 2000.

Вредноста на фондот на подароци на играта на лојалност изнесува вкупно 1.000.000,00 денари.

| Опис | кол. | Ед.цена (ден.) | Нето-износ (ден.) | ДДВ 18% (ден.) | Вкупно (ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| Вредносни ваучери | 2000 | 500,00 | 847.458,00 | 152.542,00 | 1.000.000,00 |

## Услови за учество во играта на лојалност

**Член 6**

Во играта на лојалност можат да земат учество физички лица кои ги исполнуваат условите наведени во овие Правила на играта на лојалност.
Во играта на лојалност немаат право да учествуваат вработените кај Организаторот, вработените во сите продажни единици во Трговскиот центар Скопје Сити Мол, како и членовите на нивните потесни семејства.

Со учеството во играта на лојалност, учесникот изречно се согласува со сите услови и правила на играта на лојалност и дава согласност за обработка на неговите лични податоци за цел, обем и времетраење како што е утврдено во Правилата.

## Запознавање на учесниците со играта на лојалност

**Член 7**

Правилата на играта на лојалност ќе бидат објавени на официјалната веб страна на http://www.skopjecitymall.mk/7 и на официјалната фејсбук страна https://www.facebook.com/SkopjeCityMall на Трговскиот центар Скопје Сити Мол.

Играта на лојалност ќе се рекламира и преку промотивни материјали во печатена форма поставени на инфопултот во Трговскиот центар Скопје Сити Мол и пред поставката во Трговскиот центар Скопје Сити Мол каде што ќе биде поставен посебен пулт каде ќе се доделуваат вредносните ваучери.

## Начин на учество во играта на лојалност

**Член 8**

Секое заинтересирано лице кое ги исполнува условите согласно член 6 од овие Правила, може да учествува во играта на лојалност со приложување на фискална сметка која гласи на износ од најмалку 5.000,00 денари за реализиран промет во било која продажна единица во Трговскиот центар Скопје Сити Мол, освен во супермаркетот остварен во периодот на траење на играта на лојалност односно фискална сметка издадена само на ден 05.10.2019.

Учество во играта на лојалност не е дозволено со приложување на повеќе фискални сметки кои поединечно гласат на износи помали од 5.000,оо денари, а заедно даваат збирен износ од 5.000,оо денари.

Еден учесник може повеќекратно да учествува во играта на лојалност со различни фискални сметки согласно погоре определените услови и начин на учество во играта на лојалност.

Во играта на лојалност на потрошувачите, учествува секоја фискална сметка направена во кој било локал од Скопје Сити Мол со износ од или над 5.000.00 денари.

**Скопје Сити Мол** ќе им доделува на своите потрошувачи со шопинг ваучери кои се со вредност од 1.000,00, 1.500,00 и 2.000,00 денари.
Шопинг ваучерите ќе се подигнуваат на посебен пулт, поставен специјално само за таа намена од страна на Скопје Сити Мол, на главниот влез на трговскиот центар .
Секој посетител кој ќе приложи фискална сметка издадена на 05.10.2019(сабота), од било кој локал во Скопје Сити Мол, освен од супермаркетот може да подигне шопинг ваучер со одреден износ кој ќе може да се користи во сите локали во трговскиот центар.

- Со фискална сметка во износ од 5,000.00 ден. до 9,999.00 денари посетителот добива шопинг ваучер од 1.000,00 денари ( два ваучери од 500 денари )

- Со фискална сметка од 10.000.00 до 19.999.00 денари посетителот добива шопинг ваучер од 1.500.00 денари ( три ваучери од 500 денари )

- Со фискална сметка од 20,000.00 денари и поголема сума посетителот добива шопинг ваучер од 2,000.00 денари ( четири ваучери од 500 денари )

## Тек на постапка за спроведување на играта на лојалност

### Член 9

Секој потрошувач може да учествува во играта на лојалност со приложување на фискална сметка со вредност од најмалку 5.000,00 денари. Фискалната сметка потрошувачот ја приложува на пултот во Трговскиот центар Скопје Сити Мол, поставен специјално за играта на лојалност каде по извршената проверка на вредноста на фискалната сметка и субјектот кој ја издал, истата со печат се верифицира од страна на овластено лице, по што фискалната сметка повторно се враќа на потрошувачот. Потрошувачот потребно е да остави податоци ( име и презиме, телефонски број, e-mail адреса, трансакциска сметка), во согласност Законот за заштита на личните податоци и за целите за кои се собрани.

Учесниците во играта на лојалност се должни да ги чуваат верифицираните фискални сметки. Добитникот на ваучерот е должен верифицираната фискална сметка да ја приложи кај Организаторот како услов за подигање на ваучерот.

На потрошувачите им се овозможува учество во играта на лојалност, односно подигање на вредносните ваучери на ден 05.10.2019 година со почеток од 10:00 до 22:00 часот.

Издадените ваучери можат да се подигнат само на ден **05.10.2019 (сабота)**.
Издадените ваучери се валидни на ден **05.10.2019 (сабота)** и **06.10.2019 (недела)**

Сите обврски на Организаторот кон добитникот на ваучерот престануваат во моментот кога добитникот ќе го искористи ваучерот. Организаторот не сноси никаква одговорност спрема добитникот или спрема трети лица во врска со својствата и користењето на предметот на ваучерот.

## Услови за примање и превземање на ваучерот

**Член 10**

Добитникот на ваучерот ќе може да ја искористи вредносната сума со приложување на вредносниот ваучер во локалот каде што сака да го искористи.

Листата на локали каде може да се искористат ваучерите ќе биде објавена на официјалната веб страна на http://www.skopjecitymall.mk/7 и на официјалната фејсбук страна https://www.facebook.com/SkopjeCityMall на Трговскиот центар Скопје Сити Мол, како и на специјано поставениот пулт за Играта на лојалност.

Добиениот ваучер не може да биде заменет со пари.
Добиениот ваучер мора да се искористи во целост.
Добиениот ваучер може да биде искористен од трето лице.

## Даночни обврски

**Член 11**

Организаторот ќе изврши плаќање на персоналниот данок на доход во согласност со позитивните законски прописи.

## Приватност и заштита на лични податоци

**Член 12**

Со потпишување на апликацијата за учество во играта на лојалност учесниците изречно се согласуваат Организаторот да ги обработува нивните лични податоци кои ќе бидат наведени во апликацијата (име и презиме, адреса на живеење, телефонски број, e-mail адреса, трансакциска сметка) за реализација на играта на лојалност.

Организаторот се обврзува дека сите собрани лични податоци ќе ги обработува во согласност Законот за заштита на личните податоци и за целите за кои се собрани.

**Организатор,**
**СЦМ РЕТАИЛ ДООЕЛ Скопје**

Друштво за трговија и услуги
СЦМ РЕТАИЛ ДООЕЛ
СКОПЈЕ